Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 18.03.2022

Денеска (18.03.2022) во 03.00 часот на ул.„Тодор Чангов“ во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Аеродром лишиле од слобода тројца малолетници од Скопје поради сомнение дека сториле две кривични дела „тешка кражба“ на дрзок начин на 01.03 и 08.03.2022 и едно кривично дело „одземање на моторно возило“. Тие биле приведени во полициска станица и во службен разговор со полициски службеници, во присуство на нивни родители, ги признале делата. По целосно документирање на случаите против малолетниците ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 17.03.2022 на ул.„Крушевска република“ во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.К.(28) од Битола. При преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана, при што се однесувал агресивно кон полициските службеници. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против Н.Ф.(31) и Н.Р (26), двајцата од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторени девет кривични дела „тешки кражби“. Пријавените Н.Ф и Н.Р. во периодот од 27.02.2022 до 01.03.2022, користејќи погоден алат отварал каси на кафемати, самоуслужни автоперални и одземале пари во различни апоени.

На 17.03.2022 Секторот за внатрешни работи Битола, Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп и Полициска станица Прилеп во координирана акција, на повеќе локации запленија нелегално исечени огревни дрва. Имено, на м.в.Песјобарци, прилепско затекнати се три лица М. А (43), П. В. А(40)и И. Д (48) сите од Прилеп, со три запрежни коли натоварени со огревни дрва без соодветна дозвола за истите. Одземената дрвна маса со околу 4.5 метри кубни е предадена на шумска полиција Прилеп. На место викано „Пештерица“ и Дата Центар во Прилеп запленети се три запрежни коли натоварени со огревни дрва без документација и тие се одземени од лицата С.А.(37), С.Б.(49), А.Ш.(41) сите од Прилеп. Во с.Ореовец, прилепско, запленети се две запрежни коли натоварени со три метри кубни огревни дрва од малолетник од Битола. Одземената дрвна маса е предадена на шумска полиција Прилеп. Против лицата, по документирање на случаите, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 14 во населено место и 4 надвор од населено место. Санкционирани биле и 17 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас, 2 за прекршоци сторени од пешаци и 2 за непроприсно паркирање.

На 17.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 21 возач, од кои 9 на територија на Ресен, 2 на територија на Битола, 8 санкции на територијата на Прилеп и 2 во Македонски брод.

На 17.03.2022 во 23.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистрален пат А-4 Струмица-Ново Село се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв“ со струмички регистарски ознаки, управувано од П.И.(32) од село Гечерлија, струмичко и патничко моторно возило „фолксваген поло“ со струмички регистарски ознаки, управувано од Т.Д.(19) од село Босилово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото „поло“, Р.Д.(52) од село Босилово, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

Денеска (18.03.2022) околу 07.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во тетовска Брвеница патничко моторно возило „ауди“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од 30-годишниот С.И. од тетовска Волковија, удрило во 35-годишната Ц.Ј. од Брвеница. Во несреќата Ц.Ј. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 17.03.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Аеродром, Т.П.(68) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ“ бил каснат од куче скитник.

На 17.03.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.С.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Воденска“ бил каснат од куче скитник.

На 17.03.2022 во 22.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар ги привеле Б.С.(29) и А.Р.(35), двајцата од Скопје, затоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени задачи и кај А.Р. бил пронајден нож на расклопување. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (18.03.2022) во 13.30 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за потраги при СВР Куманово го лишиле од слобода Љ.Ц.(50) од Куманово. Тој бил баран по централна потерница за доиздржување казна затвор од 4 години и 6 месеци казна затвор, а бил осуден на 15 години и 4 месеци за сторени повеќе кривични дела по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Прилеп за доиздржување на казната.

На 17.03.2022 во 03.30 часот на ул.„Пиринска“ во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле Х.С.(30) од Штип, баран по наредба од Основен суд Штип за издржување казна затвор. Истиот ден, во 15.55 часот на ул.„Балканска“ во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле С.И.(27) од Штип, баран по наредба од Основен суд Штип за издржување казна затвор. Лицата се спроведени до Затвор Струмица за издржување на затворските казни.

Денеска (18.03.2022) во 07.10 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 30-годишниот тетовец А.К. поради сомнение дека заедно со тетовецот Н.Л. (34) околу 05.00 часот фрлиле шишиња со запалива течност во спортска обложувалница-казино на улица „Илинденска“ во Тетово и предизвикале пожар. Притоа, со повреди се здобиле двајца полициски службеници кои во објектот преземале службени дејствија во врска со друг, претходно пријавен настан. А.К. е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот и против инволвираните ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Скопје-Тетово, кај исклучок за Визбегово, товарно моторно возило - цистерна со скопски регистарски ознаки се превртело на коловозот. Во незгодата со повреди се здобил возачот А.К.(38) од Скопје и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против М.О. (38) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти“. На 12.03.2022 на локалниот пат Радовиш–Конче и регионалниот пат Неготино–20-ти километар, на брана „Мантово“, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „фолксваген туарег“, управувано од пријавениот, при што биле пронајдени 13 илегални мигранти, од кои пет од Гана, пет од Пакистан, две од Сенегал и еден од Бенин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.М.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги , психотропни супстанци и прекусори“. На 20.07.2021 во Охрид, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крушево поднесе кривична пријава против Д.П.(27) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекусори“. На 01.01.2021 во Крушево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 17.03.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Центар, И.И.(18) од Скопје пријавил дека околу 15.50 часот на крстосница на подрачје на Центар, по меѓусебно недоразбирање во сообраќајот, едно лице фрлало кон него тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.03.2022 во 17.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.С.(47) од с.Волково, скопско, пријавил дека околу 16.00 часот во спортската сала на основно училиште во с.Ново село, скопско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат неговиот малолетн син од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.М.(42) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 30.11.2021 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле пиштол „чешка зброевка“ со калибар 7,65мм и седум куршуми.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(41) од с.Палчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, ,држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 31.12.2021 во Тетово, полициски службеници го забележале пријавениот како продава пиротехнички средства во импровизирана тезга, по што бил извршен преглед кај него и биле пронајдени повеќе парчиња пиротехнички средства.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет